SONY

4-418-233-**11**(1) (MK)

HOME AUDIO DOCKING SYSTEM

Упатство за работа

©2012 Sony Corporation

(1)

FST-GTK33iP/GTK11iP
RDH-GTK33iP/GTK11iP

MK

http://www.sony.net/

R·D·S

Made for iPod iPhone

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

За да го намалите ризикот од пожар, не покривајте го отворот за вентилација на апаратот со весници, прекривки, завеси итн. Врз апаратот не ставајте извори на отворен оган, на пример свеќи.

За да го намалите ризикот од пожар или електричен удар, не изложувајте го овој апарат на капење или прскање и не поставувајте предмети полни со вода, како што се вазните, врз апаратот.

Не монтирајте ја направата во затворен простор, како што е полица за книги или вграден шкаф.

Бидејќи главниот приклучок се користи за да се исклучи делот од главните водови, поврзете го делот со лесно достапен штекер за наизменична струја. Ако забележите абнормалности во делот, веднаш исклучете го главниот приклучок од штекерот за наизменична струја.

Не изложувајте ги батериите или апаратот со инсталирани батерии на прекумерна топлина како што се сонцето, огнот или слично.

Уредот не е исклучен од главниот довод сè додека е поврзан во приклучокот со наизменична струја, дури и ако самиот уред е исклучен.

Напомена за потрошувачите: следните информации се применливи само за опремата продадена во земјите што ги применуваат директивите на ЕУ.

Производителот на овој производ е Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan. Овластениот претставник за EMC и безбедноста на производот е Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany. Повикајте се на адресите дадени во посебните документи за услуга или гаранција за какви било проблеми со услугата или со гаранцијата.

За потрошувачите во Европа и Австралија

Фрлање на стара електрична и електронска опрема (Применливо во Европската унија и во други европски земји со посебни системи на собирање)

Овој симбол на производот или на неговата амбалажа покажува дека со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Наместо тоа треба да предадеш на соодветно збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно отстранување на производот ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за природата и здравјето на човекот, кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.

За подетални информации за рециклирањето на овој производ, контактирајте со вашата локална месна заедница, вашиот сервис за отстранување на домашен отпад или со продавницата каде сте го купиле овој производ.

Применлива дополнителна опрема: Далечински управувач

Само за Европа

Отстранување на потрошени батерии (применливо во Европската унија и во други европски земји со посебни системи на собирање)

Овој симбол на батеријата или на амбалажата покажува дека со батеријата којашто е дадена со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад.

Кај определени батерии овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол. Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или 0,004% олово.

Со правилно отстранување на овие батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативни последици за природата и здравјето на човекот, кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.

Во случај на производи кои од безбедносни причини, поради изведба или интегритет на податоци имаат потреба од трајна поврзаност со вметната батерија, оваа батерија треба да ја замени само квалификуван персонал. За да бидете сигурни дека со батеријата ќе се постапи соодветно, предадете го потрошениот производ на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема. За сите други батерии, погледнете го делот за тоа како безбедно да се отстрани батеријата од производот. Батеријата предадете ја на применливото збирно место за рециклирање на отпадни батерии. За подетални информации за рециклирањето на овој производ или батеријата, контактирајте со вашата локална месна заедница, вашиот сервис за отстранување на домашен отпад или со продавницата каде сте го купиле овој производ.

Известување за лиценци и заштитени знаци

- iPhone, iPod, iPod classic, iPod nano и iPod touch се заштитени знаци на Apple Inc., регистрирани во САД и во други земји.
- Технологијата за аудиокодирање MPEG Layer-3 и патентите се со лиценца на Fraunhofer IIS и Thomson.
- Windows Media е или регистриран заштитен знак или заштитен знак на Microsoft Corporation во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.
- Овој производ содржи технологија којашто е предмет на определени права на интелектуална сопственост на Microsoft. Забранета е употреба или дистрибуција на оваа технологија надвор од овој производ без соодветните лиценци на Microsoft.
- Сите други заштитени знаци и регистрирани заштитени знаци се на нивните соодветни сопственици. Во овој прирачник, знаците ™ и ® не се назначени.

Положба на контролите

Главен уред (горе)



Главен уред (напред)



Забелешка
Системот нема приклучок за слушалки. Затоа нема емитување звук преку слушалки.

Далечински управувач



Овој прирачник во поголем дел ги објаснува операциите користејќи го далечинскиот управувач, но истите операции може да се извршат и со користење на копчињата на главниот уред што имаат исти или слични имиња.

Заклучување на копчињата на главниот уред (функција за забрана за деца)

Можете да ги заклучите сите копчиња на главниот уред, освен I/⏻ (вклучено/во режим на подготовност) 5, за да спречите управување по грешка.
Држете на ■ 14 на главниот уред додека на екранот не се појави „CHILD LOCK ON" или „CHILD LOCK OFF" 8. Сите копчиња на главниот уред, освен I/⏻ 5, ќе бидат заклучени или отклучени.

Забелешка
Забраната за деца ќе се откаже кога ќе го исклучите кабелот за напојување.

Совет
Операциите што се управувани со копчињата од далечинскиот управувач се можни дури и кога е вклучена функцијата за забрана за деца.

Почеток



Ⓐ Во сидниот штекер
Ⓑ AM-врзувачка антена
Ⓒ Во приклучок за DVD/PC IN Л
Ⓓ Во приклучок за DVD/PC IN Д
Ⓔ FM-права антена (Издолжете ја хоризонтално.)

A Напојување

Поврзете го кабелот за напојување со друг ѕиден штекер.
Демонстрацијата се појавува на екранот 8. Кога ќе притиснете I/⏻ 5, се вклучува и демонстрацијата автоматски се прекинува.
Ако доставениот адаптер на приклучокот не одговара на штекерот, исклучете го од приклучокот (само за моделите што во опремата имаат адаптер).

B Аудио во Л/Д (приклучоци за DVD/PC IN)

Поврзете изборна компонента како на пример, дигитални аудио плеери или уред со аналоген излез, користејќи RCA кабел за аудио влез што е комерцијално достапен.

C Антени

Кога го вметнувате конекторот на FM-права/AM-врзувачка антена, вметнете го во правилната ориентација.
Кога ги поставувате антените, најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием.
Држете ги антените подалеку од кабелот за напојување за да избегнете создавање шум.

Поставување на системот

Системот може да се постави во вертикална или хоризонтална положба. Изберете го начинот на поставување врз основа на вашите желби (освен за корисниците на моделите на iPod nano). Забележете дека со овој систем, кога користите модели на iPod nano е потребно хоризонтално поставување.

Во хоризонтална положба



Во вертикална положба



Ракување со далечинскиот управувач

Вметнете две батерии R6 (големина AA) (се доставуваат), да одговараат на краевите прикажани подолу.



Забелешки за ракување со далечинскиот управувач
- Со нормална употреба, батериите треба да траат околу 6 месеци.
- Не мешајте стари со нови батерии и не мешајте различни видови батерии.
- Ако не го користите далечинскиот управувач подолго време, отстранете ги батериите за да избегнете оштетување од протекување и корозија на батериите.

Поставување на часовникот

1 Притиснете I/⏻ 5 за да го вклучите системот.
2 Притиснете на TIMER MENU 16 за да го изберете режимот за поставување на часовникот.
Ако трепка „PLAY SET", притискајте на ↑/↓ 20 за да изберете „CLOCK", а потоа притиснете ⊕ (внеси) 17.
3 Притискајте на ↑/↓ 20 за да го наместите часот, потоа притиснете ⊕ 17.
4 Користете ја истата постапка за да ги поставите минутите.

Забелешка
Поставувањата на часовникот се ресетираат кога ќе го исклучите кабелот за напојување или ако се појави пад на електричната мрежа.

Прикажување на часовникот кога системот е исклучен

Притиснете DISPLAY 25. Часовникот се прикажува за околу 8 секунди.

Користење iPod/iPhone

За да спречите паѓање на уредот iPod/iPhone, секогаш осигурете го уредот со прицврстувачот кога го користите со системот. Кога го отстранувате уредот iPod/iPhone, дигнете го прицврстувачот додека не се заглави на неговата положба, а потоа исклучете го уредот iPod/iPhone од приклучокот за iPod/iPhone.

1 Поставете го уредот iPod/iPhone на приклучокот за iPod/iPhone.
2 Притискајте на копчето PUSH додека прицврстувачот не се ослободи со клик.
Прицврстувачот го штити уредот iPod/iPhone.



Забелешка за корисниците на моделот iPod nano
НЕ МОНТИРАЈТЕ го системот вертикално кога користите модели на iPod nano со овој систем. Моделите на iPod nano не може да се обезбедат со прицврстувачот поради нивната големина. Поставете го системот хоризонтално.

Забелешка за носење на системот
НЕ ПРЕМЕСТУВАЈТЕ го системот на кој е поврзан iPod/iPhone. Ако не го извадите, уредот iPod/iPhone може да падне и да се оштети. Sony не може да предизвика одговорност за штети предизвикани од несоодветна употреба.

Забелешки
- Кога користите футроли за iPod/iPhone што се комерцијално достапни, системот може да не го препознае поврзаниот iPod/iPhone. Ако тоа се случи, отстранете ја футролата од уредот iPod/iPhone и повторно поврзете го со приклучокот.
- Кога користите систем во вертикална положба, осигурете се дека поврзаниот iPod/iPhone е исправен, не е накривен.

Операции

Репродуцирање на iPod/iPhone

1 Изберете ја функцијата iPod.
Притискајте на FUNCTION +/– 7.
2 Поставете го уредот iPod/iPhone на приклучокот за iPod/iPhone 12.
3 Притиснете го копчето PUSH и осигурете го уредот iPod/iPhone.
4 Започнете ја репродукцијата.
Притиснете ► 14.

Контрола на уредот iPod/iPhone

За	Притиснете
Пауза на репродукцијата	❚❚ (пауза) 14/■ (стоп) 14.
Избор на песна или поглавје од аудио книга/објава	⏮ (назад)/⏭ (напред) 11. За брзо премотување напред или назад држете го копчето.
Наоѓање точка во песна или поглавје од аудио книга/објава	За време на репродукцијата, држете на ◀◀ (премотување назад)/▶▶ (брзо премотување напред) 11 и пуштете го копчето на саканата точка.
Избор на избраната ставка	⊕ (внеси) 17.
Движење нагоре/надолу низ менијата на iPod	↑/↓ 20.
Враќање на претходното мени или избор на мени	TOOL MENU 18/RETURN ↶ (врати) 19.

Употреба на системот како полнач на батерии

Можете да го користите системот како полнач на батерии за iPod/iPhone, без разлика дали системот е вклучен или исклучен.
Кога го полните уредот iPod/iPhone додека системот е вклучен, проверете дека сте избрале функција што не е функцијата USB.
Полнењето ќе започне кога уредот iPod/iPhone е поставен на приклучокот за iPod/iPhone 12.
На екранот на уредот iPod/iPhone се појавува статусот за полнење. Кога го полните уредот iPod/iPhone, поставете го уредот iPod/iPhone на приклучокот. Репродукцијата на плеерот за iPod/iPhone е прекината.
За детали, погледнете го упатството за корисникот на уредот iPod/iPhone.

Прекинување на полнењето на iPod/iPhone

Отстранете го уредот iPod/iPhone.

Забелешки за полнење на iPod/iPhone

- Кога системот е вклучен и е избрана функцијата USB, не можете да ја полните батеријата на iPod/iPhone.
- Ако режимот на екранот е демонстрација или часовник, не можете да ја полните батеријата на iPod/iPhone, дури и ако системот е исклучен.
- Ако притиснете DISPLAY 25 кога е во тек полнење и системот е исклучен, системот прекинува со полнење на iPod/iPhone. За повторно да започнете со полнење на iPod/iPhone, поврзете го уредот iPod/iPhone кога на екранот е избран режимот за штедење енергија.

Забелешки

- Исклучете ја функцијата „Shake to Shuffle" (Протреси за репродукција по случаен избор) на уредот iPod/iPhone за да избегнете неочекувани промени на песните додека слушате гласна музика.
- Ако батеријата на уредот iPod/iPhone е празна, системот може да не го препознае. Во тој случај, наполнете ја батеријата преку компјутер итн., а потоа поврзете го уредот со системот.
- Перформансите на системот може да се разликуваат во зависност од спецификациите на уредот iPod/iPhone.
- Кога го поставувате или отстранувате уредот iPod/iPhone, поставете го под истиот агол како оној на приклучокот за iPod/iPhone на главниот уред и не вртете е и нишајте го уредот iPod/iPhone за да не го оштетите приклучокот.
- Не преместувајте го главниот уред кога на приклучокот е поврзан iPod/iPhone. Тоа може да предизвика дефект.
- Кога го поставувате или отстранувате уредот iPod/iPhone, со едната рака држете го главниот уред и не притискајте ги контролите на уредот iPod/iPhone.
- Пред да го исклучите уредот iPod/iPhone, паузирајте ја репродукцијата.
- Држете на ⏮/⏭ 11 за брзо премотување назад (или напред) кога репродуцирате видео, ако ◀◀/▶▶ 11 не работи.
- За да ја промените јачината на звукот, користете VOLUME +/– 1. Јачината на звукот нема да се промени ако ја прилагодувате на уредот iPod/iPhone.
- Овој систем е направен само за iPod/iPhone. Во приклучокот за iPod/iPhone не можете да поврзете други преносни аудио плеери.
- За да користите iPod/iPhone, погледнете го упатството за корисникот на уредот iPod/iPhone.
- Sony не може да прифати одговорност во случај податоците снимени на iPod/iPhone да се изгубат или оштетат кога се користи iPod/iPhone со овој систем.

Репродукција на датотека од USB-уред

На овој систем може да се репродуцира форматот на аудио MP3/WMA*/AAC*.

* На овој систем не може да се репродуцираат датотеки со DRM (Digital Rights Management)-заштита на авторски права или датотеки што се преземени од музичка продавница на интернет. Ако се обидете да ги репродуцирате таквите датотеки, системот ја репродуцира следната незаштитена аудио датотека.

За информации за компатибилните USB-уреди, проверете ги интернет-страниците наведени подолу.

За потрошувачите во Латинска Америка
<http://esupport.sony.com/LA>
За потрошувачите во Европа и Русија:
<http://support.sony-europe.com/>
За потрошувачите во други земји/региони:
<http://www.sony-asia.com/support>

1 Изберете ја функцијата USB.
Притискајте на FUNCTION +/– 7.
2 Поврзете го USB-уредот во ⭠ портата за (USB) 13.
3 Започнете ја репродукцијата.
Притиснете ► 14.

Други операции

За	Притиснете
Пауза на репродукцијата	❚❚ (пауза) 14. Повторно притиснете го копчето за да продолжите со репродукцијата.
Прекин на репродукцијата	■ (стоп) 14. За да продолжите со репродукцијата, притиснете ► (репродукција) 14*1. За да ја откажете репродукцијата, притиснете повторно ■ 14*2.
Избор на папка	🗀 +/– 10 постојано.
Избор на датотека	⏮ (назад)/⏭ (напред) 11.
Наоѓање точка во датотека	За време на репродукцијата, држете на ◀◀ (премотување назад)/▶▶ (брзо премотување напред) 11 и пуштете го копчето на саканата точка.
Избор на повторено репродуцирање	REPEAT 23 постојано додека не се појави „⟲" (повторување на сите песни) или „⟲1" (повторување на една песна).

*1 Кога репродуцирате датотека со формат VBR MP3/WMA, системот може да продолжи со репродукцијата од друга точка.
*2 Продолжената репродукција се враќа на првата папка.

Промена на режимот на репродукција

Притискајте на PLAY MODE 22. Можете да го изберете режимот за нормална репродукција (репродукција во низа на сите датотеки во USB-уредот), режимот за репродукција во папка („FLDR" за сите датотеки во одредена папка во USB-уредот) или режимот за репродукција по случаен избор („SHUF").

Забелешки за режимот за репродукција

- Кога ќе го изберете режимот за репродукција по случаен избор „SHUF", системот ги репродуцира сите аудио датотеки во поврзаниот USB-уред по случаен избор. Режимот за репродукција по случаен избор може постојано да ја репродуцира иста датотека.
- Кога е избран режимот за репродукција во папка, „⟲1" не е достапно.
- Кога е избран режимот за репродукција по случаен избор, не е достапна функцијата за повторување.
- Кога е поставена функцијата за повторување, не е достапен режимот за репродукција по случаен избор. Кога функцијата за повторување е поставена на „⟲1", не е достапен режимот за репродукција во папка.
- Кога ќе го исклучите системот избраниот режим за репродукција по случаен избор („SHUF") се брише и се враќа режимот за нормална репродукција.

Белешки за повторено репродуцирање

Ако изберете „⟲" кога системот се наоѓа во режимот за нормална репродукција, системот изведува повторена репродукција на сите аудио датотеки од USB-уредот додека на ја прекинете репродукцијата. Ако изберете „⟲" кога системот се наоѓа во режимот за репродукција во папка, системот изведува повторена репродукција на сите аудио датотеки во избраната датотека додека на ја прекинете репродукцијата.

Забелешки

- Кога е неопходно поврзување со USB-кабел, поврзете го USB-кабелот што е даден со USB-уредот. За детали за методот на работа, погледнете во прирачникот за работа даден со USB-уредот.
- Може ќе бидат потребни 10 секунди пред да се појави „READING" во зависност од типот на поврзаниот USB-уред.
- Не поврзувајте го системот и USB-уредот преку USB-центар.
- Кога USB-уредот е поврзан, системот ги чита сите датотеки од USB-уредот. Ако има многу папки или датотеки на USB-уредот, може ќе биде потребно долго време за да завршиш со читање на USB-уредот.
- Кај некои поврзани USB-уреди, откако ќе се изведе операција, може да има одложување пред истата да се изведе од системот.
- Не може да се гарантира компатибилност со секој кодирачки/творечки софтвер. Ако аудио датотеките од USB-уредот се оригинално кодирани со некомпатибилен софтвер, таквите датотеки може да произведат шум или прекинат звук, или може воопшто да не се репродуцираат.
- Системот не може да ги репродуцира аудио датотеките од USB-уредот во следниве случаи:
  - кога вкупниот број на аудио датотеки во некоја папка е поголем од 100,
  - кога вкупниот број на аудио датотеки на USB-уредот е поголем од 10.000,
  - кога вкупниот број на папки на USB-уредот е поголем од 100 (вклучувајќи ја папката „ROOT" и празните папки).

  Овие броеви може да се разликуваат во зависност од структурата на системот на датотеки и папки. Не зачувајте друг вид на датотеки или непотребни папки на USB-уред што содржи аудио датотеки.
- Системот може да репродуцира само до длабочина од 8 папки.
- Не мора да значи дека овој систем ги поддржува сите функции дадени со поврзаниот USB-уред.
- Репродукцијата ќе се откаже кога ќе го исклучите кабелот за напојување.
- Папките што немаат аудио датотеки се прескокнуваат.
- Со овој систем можете да ги слушате следниве формати на аудио:
  – MP3: наставка на датотека „mp3"
  – WMA: наставка на датотека „wma"
  – AAC: наставка на датотека „m4a"

  Забележете дека дури и ако датотеката ја има правилната наставка, ако суштината на датотеката се разликува, системот може да произведува шум или може да не работи.

Употреба на системот како полнач на батерии

Можете да го користите системот како полнач на батерии за USB-уреди што имаат функција за полнење кога системот е вклучен.
Притискајте на FUNCTION +/– 7 за да ја изберете функцијата USB.
Полнењето започнува кога USB-уредот е поврзан со ⭠ портата за (USB) 13. На екранот на USB-уредот се појавува статусот за полнење. За детали, погледнете го упатството за корисникот на USB-уредот.

Слушање на радиото

1 Изберете ја функцијата на приемникот (TUNER FM/TUNER AM).
Притискајте на FUNCTION +/– 7.
2 Изведете бирање.

Автоматско барање станици

Притискајте на TUNING MODE 22 додека не се појави „AUTO", а потоа притиснете +/– 11. Кога е најдена станица, барањето автоматски прекинува и на екранот засветуваат „TUNED" и „ST" (само за стерео програми) 8.



Ако „TUNED" не засвети и барањето не прекине, притиснете ■ 14 за да го прекинете барањето, а потоа изведете рачно бирање (подолу).
Кога ќе изберете FM-станица што нуди RDS-услуги, преносот нуди информации како име на услугата или име на станицата.

Рачно бирање

Притискајте наTUNING MODE 22 додека не исчезнат „AUTO" и „PRESET", а потоа притискајте на +/– 11 за да изберете саканата станица.

Совет
За да го намалите статичниот шум на FM-стерео станица со слаб прием, притискајте на FM MODE 23 додека не се појави „MONO" за да го исклучите стерео приемот. Ќе го изгубите стерео ефектот, но приемот ќе се подобри.

Претходно меморирање на радио станици

1 Изберете ја саканата станица.

2 Притиснете на TUNER MEMORY 21 за да го изберете режимот за меморија на приемникот.

3 Притискајте на +/– 11 за да го изберете саканиот број на станица.

Ако кон избраниот број е веќе додадена друга станица, таа се заменува со новата станица.

4 Притиснете ⊕ 17 за да ја зачувате станицата.

5 Повторете ги чекорите од 1 до 4 за да меморирате други станици.

Можете да меморирате до 20 FM-станици и 10 AM-станици.

6 За да изберете меморирана станица, притискајте на TUNING MODE 22 додека не се појави „PRESET", а потоа притискајте на +/– 11 за да го изберете бројот на саканата меморирана станица.

Користење изборни аудио компоненти

1 Подгответе го звучниот извор.

Поврзете дополнителна аудио компонента на приклучоците за DVD/PC IN L/R 15 на главниот уред користејќи аналоген кабел за аудио (не се доставува).

2 Исклучете го звукот.

Притискајте на VOLUME – 1 додека на екранот не се појави „VOL MIN" 8.

3 Изберете ја функцијата DVD/PC.

Притискајте на FUNCTION +/– 7.

4 Започнете ја репродукцијата.

Започнете ја репродукцијата на поврзаната компонента и прилагодете ја јачината на звукот.

Забелешка

Ако звукот на поврзаната компонента е премногу тивок, системот може автоматски да го вклучи режимот на подготвеност. Соодветно прилагодете ја јачината на звукот на компонентата. Погледнете во „Исклучување на функцијата за автоматско вклучување на режимот на подготвеност".

Прилагодување на звукот

За	Притиснете
Прилагодување на јачината на звукот	VOLUME +/– 1.
Произведување подинамичен звук	BASS BOOST 2 постојано за да изберете „BASS ON".
Поставување звучен ефект	EQ 3 постојано.

Поставување на осветлувањето на звучниците

Изберете од палетата на понуди за осветлување на звучниците. Осветлувањето на звучниците ќе создаде светлосни ефекти врз основа на музичкиот извор.

Притискајте на LED SPEAKER 4.

Секојпат кога ќе го притиснете копчето, шемата се менува.

Исклучување на функцијата за осветлување на звучниците

Притискајте на LED SPEAKER 4 додека не се појави „LED OFF".

Промена на приказот

За	Притиснете
Промена на информациите на екранот 8[1]	DISPLAY 25 постојано кога системот е вклучен.
Промена на режимот на екранот (погледнете подолу)	DISPLAY 25 постојано кога системот е исклучен[2].

[1] На пример, може да ги прикажете информациите за USB-уредот, како на пример:
– број на песна или датотека,
– име на песната или датотеката („♫"),
– име на изведувачот („👤"),
– име на албумот („💿"),
– име на папката („🗀").

[2] Индикаторот на режимот на подготвеност 6 на главниот уред засветува кога системот е исклучен.

Системот ги нуди следните режими на екранот.

Режим на екранот	Кога системот е исклучен[1]
Демонстрација	Демонстрацијата е вклучена.
Режим за штедење енергија[2]	Екранот е исклучен за да се заштеди енергија. Тајмерот и часовникот ќе продолжат да работат.
Часовник[3]	Се прикажува часовникот.

[1] Индикаторот на режимот на подготвеност 6 на главниот уред засветува кога системот е исклучен.

[2] Во режимот на штедење енергија не можете да го поставите часовникот.

[3] Екранот со часовникот автоматски се префрла на режимот на штедење енергија по 8 секунди.

Забелешки за информациите на екранот

- Знаците што не можат да се прикажат се прикажани како „.".
- Не е прикажано вкупното време за репродукција на USB-уредот.
- Следните елементи не се прикажуваат правилно:
  – изминато време на репродукција на MP3-датотека кодирана со VBR (променлива бит-стапка),
  – имиња на папки и датотеки што не се во согласност со ISO9660 Level 1, Level 2 или Joliet во форматот за проширување.
- Информациите за ID3-ознака за MP3-датотеки се прикажани кога се користат ознаки со ID3 верзија 1 и верзија 2 (информациите за ознаки со ID3 верзија 2 имаат приоритет кога во иста MP3-датотека се користат ознаки со ID3 верзија 1 и верзија 2).

Употреба на тајмерите

Системот нуди 2 функции за тајмер. Ако ги користите и двата тајмера, тајмерот за заспивање има приоритет.

Тајмер за заспивање:

Можете да заспиете со музика. Оваа функција работи дури и кога часовникот не е поставен.

Притискајте на SLEEP 24 за да го изберете саканото време.

За да го откажете тајмерот за заспивање, притискајте на SLEEP 24 додека не се појави „OFF".

Тајмер за репродукција:

Можете да се разбудите со музика од FM/AM-радио, iPod/iPhone или USB уред во претходно поставено време. Проверете дали сте го наместиле часовникот.

1 Подгответе го звучниот извор.

Подгответе го звучниот извор, а потоа притиснете на VOLUME +/– 1 за да ја прилагодите јачината на звукот.

2 Изберете го режимот за поставување на тајмерите.

Притиснете на TIMER MENU 16.

3 Поставете го тајмерот за репродукција.

Притискајте на ↑/↓ 20 за да изберете „PLAY SET", а потоа притиснете ⊕ 17.

4 Поставете го времето за почеток на репродукцијата.

Притискајте на ↑/↓ 20 за да го поставите часот, а потоа притиснете ⊕ 17. Користете ја истата постапка за да ги поставите минутите.

5 Користете ја постапката од чекор 4 за да го поставите времето за прекин на репродукцијата.

6 Изберете го звучниот извор.

Притискајте на ↑/↓ 20 додека не се појави саканиот звучен извор, а потоа притиснете ⊕ 17.

7 Исклучете го системот.

Притиснете I/⏻ 5. Системот автоматски се вклучува пред поставеното време.

Ако системот е веќе вклучен во поставеното време, тајмерот за репродукција нема да се огласи. Не управувајте со системот во периодот откако системот ќе се вклучи додека репродукцијата не започне.

Проверка на поставувањето

1 Притиснете на TIMER MENU 16.

2 Притискајте на ↑/↓ 20 за да изберете „SELECT", а потоа притиснете ⊕ 17.

3 Притискајте на ↑/↓ 20 за да изберете „PLAY SEL", а потоа притиснете ⊕ 17.

Откажување на тајмерот

Повторете ја истата постапка како погоре, додека во чекорот 3 не се појави „OFF", а потоа притиснете ⊕ 17.

Промена на поставувањето

Започнете со чекор 1 од „Употреба на тајмерите".

Забелешка

Ако изберете USB-уред како извор за репродукција и имате многу датотеки или папки на тој уред, вчитувањето на податоците ќе потрае, предизвикувајќи мало одложување пред почетокот на репродукцијата што е одговор за тајмерот.

Забелешки за корисниците на iPod/iPhone

- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone не репродуцира кога го користите тајмерот за репродукција.
- Тајмерот за репродукција може да не се вклучи во зависност од статусот на поврзаниот iPod/iPhone.

Совет

Поставувањето на тајмерот за репродукција е зачувано додека истото не се откаже рачно.

Решавање проблеми

1 Осигурете се дека кабелот за напојување поврзан правилно и стабилно.

2 Пронајдете го проблемот во списокот подолу и преземете го означеното дејство за поправка.

Ако проблемот продолжи, контактирајте со вашиот најблизок продавач на Sony.

Ако трепка индикаторот за режимот на подготвеност 6

Веднаш исклучете го кабелот за напојување и проверете ги следните ставки.

- Дали нешто ги блокира отворите за вентилацијата на системот?
- Дали приклучокот за iPod/iPhone 12 има краток спој?

Откако индикаторот за режимот на подготвеност 6 ќе престане да трепка, повторно поврзете го кабелот за напојување и вклучете го системот. Ако проблемот продолжи, контактирајте со вашиот најблизок продавач на Sony.

Општо

Демонстрацијата се појавува на екранот 8 откако ќе го приклучите кабелот за напојување, дури и ако системот е исклучен.

- Притиснете еднаш на DISPLAY 25 кога системот е исклучен. Демонстрацијата исчезнува.
- Поставете го часовникот. Погледнете во „Поставување на часовникот".

Системот не се вклучува.

- Дали е приклучен кабелот за напојување?

Системот неочекувано влегол во режимот на подготвеност.

- Ова не е дефект. Кога не управувате со системот или нема излезен аудио сигнал околу 30 минути, системот автоматски влегува во режимот на подготвеност. Погледнете во „Исклучување на функцијата за автоматско вклучување на режимот на подготвеност".

Поставувањето на часовникот или тајмерот за репродукција е неочекувано откажан.

- Ако помине минута без работа, поставувањето на часовникот или тајмерот за репродукција се откажува автоматски. Изведете ја операцијата повторно од почетокот.

Нема звук.

- Дали нешто ги блокира отворите за вентилацијата на системот?
- Станицата можеби привремено го прекинала преносот.

Се слуша сериозен шум или врева.

- Поместете го системот подалеку од изворите на шум.
- Поврзете го системот со друг ѕиден штекер.
- На кабелот за напојување наместете филтер за шум (не се доставува).

Далечинскиот управувач не функционира.

- Отстранете ги пречките помеѓу далечинскиот управувач и далечинскиот сензор 9 на главниот уред и поставете го уредот подалеку од флуоросцентна светлина.
- Насочете го далечинскиот управувач кон сензорот на системот 9.
- Поместете го далечинскиот управувач поблиску до системот.
- Батериите на далечинскиот управувач можеби се истрошени. Заменете ги со нови батерии (R6/големина AA).

Индикаторот на режимот на подготвеност 6 свети и откако ќе се исклучи кабелот за напојување.

- Индикаторот на режимот на подготвеност 6 може да не се исклучи веднаш откако ќе го исклучите кабелот за напојување. Индикаторот ќе се исклучи по околу 40 секунди. Ова не е дефект.

Освен I/⏻ 5, ниту едно копче на главниот уред не работи, а на екранот се појавува „CHILD LOCK" 8.

- Вклучена е функцијата за забрана за деца. За да ја исклучите функцијата за забрана за деца, задржете на ■ 14 на главниот уред додека на екранот не се појави „CHILD LOCK OFF" 8.

iPod/iPhone

Нема звук.

- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е безбедно поврзан.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone репродуцира музика.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е ажуриран со најновиот софтвер. Ако не е ажуриран, ажурирајте го уредот iPod/iPhone пред да го користите со системот.
- Прилагодете ја јачината на звукот.

Звукот е изобличен.

- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е безбедно поврзан.
- Намалете ја јачината на звукот.
- Поставете го поставувањето „EQ" на уредот iPod/iPhone на „Off" или „Flat".

Во текот на репродукцијата се појавуваат неочекувани промени на песните.

- Исклучете ја функцијата „Shake to Shuffle" (Протреси за репродукција по случаен избор) (ги менува песните со протресување на уредот iPod/iPhone) на уредот iPod/iPhone додека слушате гласна музика. Ако оваа функција е вклучена, неочекуваните промени на песните може да се појават заради вибрациите предизвикани од притисокот на звукот на системот.

Уредот iPod/iPhone не работи.

- Ако батеријата на уредот iPod/iPhone е празна, тој може да не работи со овој систем. Во тој случај, наполнете ја батеријата преку компјутер итн., а потоа поврзете го уредот со системот.
- Исклучете ги сите активни апликации на уредот iPod или iPhone пред да го користите со системот. За детали, осврнете се на прирачникот за работа што се доставува со уредот iPod/iPhone.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е безбедно поврзан.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е ажуриран со најновиот софтвер. Ако не е ажуриран, ажурирајте го уредот iPod/iPhone пред да го користите со системот.
- Бидејќи работата на системот и уредот iPod/iPhone се разликуваат, не можете да управувате со уредот iPod/iPhone користејќи ги копчињата на далечинскиот управувач или главниот уред. Во тој случај, користете ги контролните копчиња на уредот iPod/iPhone.

Уредот iPod/iPhone не може да се полни.

- Ако батеријата на уредот iPod/iPhone е празна, системот можеби нема да може да ја наполни, дури и ако го поврзете уредот со системот. Во тој случај, наполнете ја батеријата преку компјутер итн., а потоа поврзете го уредот со системот.
- Осигурете се дека уредот iPod/iPhone е безбедно поврзан.
- Кога полните iPod/iPhone додека системот е исклучен (режим на подготвеност), системот не врши полнење ако уредот iPod/iPhone е целосно наполнет.
- Осигурете се дека системот не се наоѓа во режимот на функцијата USB. Уредот iPod/iPhone не може да се полни во режимот на функцијата USB.
- Не можете да го наполните уредот iPod/iPhone преку ⭠ портата за (USB) 13 на главниот уред, дури и ако го користите USB-кабелот доставен со уредот iPod/iPhone. За полнење, секогаш поврзете го уредот iPod/iPhone во приклучокот за iPod/iPhone 12 на главниот уред.

Јачината на звонењето на iPhone не се менува.

- Прилагодете ја јачината на звонењето на уредот iPhone.

USB-уред

Поврзаниот iPod/iPhone или USB-уред не се полни кога двата уреди се поврзани истовремено.

- Не можете да полните iPod/iPhone и USB-уред истовремено. Изберете ја функцијата USB за да наполните USB-уред.

Дали користите поддржан USB-уред?

- Ако поврзете USB-уред што не е поддржан, може да настанат следниве проблеми. Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилните USB-уреди. Интернет-адресите се наведени во „Репродукција на датотека од USB-уред".
  – USB-уредот не се препознава.
  – Имињата на датотеките или папките не се прикажуваат.
  – Не е можна репродукција.
  – Звукот скока.
  – Има шум.
  – Излегува изобличен звук.

Се појавува „OVER CURRENT".

- Откриен е проблем со напонот на електрична струја од ⭠ портата за (USB) 13. Исклучете го системот и отстранете го USB-уредот од ⭠ портата за (USB) 13. Проверете дали има проблем со USB-уредот. Ако пораката продолжи да се појавува, контактирајте со вашиот најблизок продавач на Sony.

Нема звук.

- USB-уредот не е поврзан правилно. Исклучете го системот, а потоа повторно поврзете го USB-уредот.

Има шум, скокање или изобличен звук.

- Исклучете го системот, а потоа повторно поврзете го USB-уредот.
- Самите музички податоци содржат шум или звукот е изобличен. Шумот е можеби додаден при создавањето на музичките податоци како резултат на состојбата на компјутерот. Повторно создадете ги музичките податоци.
- Бит-стапката користена за кодирање на датотеките е ниска. До USB-уредот испратете датотеки што се кодирани со повисоки бит-стапки.

„READING" се прикажува подолго време или е потребно долго време пред да започне репродукцијата.

- Процесот на читање може да трае долго време во следниве случаи.
  – Постојат многу папки или датотеки на USB-уредот.
  – Структурата на датотеките е премногу сложена.
  – Капацитетот на меморијата е надминат.
  – Интегралната меморија е фрагментирана.

Погрешен приказ.

- Испратете ги повторно музичките податоци до USB-уредот, затоа што податоците што се зачувани на USB-уредот може да се оштетени.
- Кодовите за знаци кои може да се прикажат во системов се составени само од цифри и бројки. Другите знаци не се прикажуваат правилно.

USB-уредот не се препознава.

- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот. Потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилните USB-уреди. Интернет-адресите се наведени во „Репродукција на датотека од USB-уред".

USB-уредот не работи правилно.

- Погледнете во прирачникот за работа на USB-уредот околу тоа како да се справите со овој проблем.

Репродукцијата не започнува.

- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот. Потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилните USB-уреди. Интернет-адресите се наведени во „Репродукција на датотека од USB-уред".
- Притиснете ► 14 за да ја започнете репродукцијата.

Репродукцијата не започнува од првата песна.

- Поставете го режимот за нормална репродукција.

Датотеките не може да се репродуцираат.

- Аудио датотеките ја немаат наставката „.mp3", „.wma" или „.m4a".
- Податоците не се креирани во форматот MP3/WMA/AAC.
- USB-уредите што се форматиран со системи на датотеки кои се поинакви од FAT16 или FAT32 не се поддржани.*
- Ако користите USB-уред со партиции, може да се репродуцираат само датотеките на првата партиција.
- Датотеките кои се шифрирани или заштитени со лозинки итн. не може да се репродуцираат.

* Овој систем поддржува FAT16 и FAT32, но некои USB-уреди може да не ги поддржуваат овие табели за адресирање датотеки. За детали, погледнете во прирачникот за работа на секој USB-уред или обратете се до производителот.

Пребарувач на станици

Значителен шум или слаб прием на станицата. (На екранот трепка „TUNED" или „ST" 8.)

- Поврзете ја антената правилно.
- За подобар прием на антената, поставете ја на друго место или насока.
- Држете ги антените подалеку од кабелот за напојување за да избегнете создавање шум.
- Исклучете ја секоја електрична опрема во близина.

Промена на интервалот за бирање на AM (освен за моделите наменети за Европа, Русија и Саудиска Арабија

Интервалот за бирање на AM е претходно поставен на 9 kHz или 10 kHz според фабричките стандарди. Користете ги копчињата на главниот уред за да го промените интервалот за бирање на AM.

1 Вклучете која било AM-станица, а потоа исклучете го системот.

2 Притиснете DISPLAY 25 за да го прикажете часовникот.

3 Додека држите FUNCTION 7, притиснете I/⏻ 5.

Избришани се сите AM-меморирани страници. За да го вратите интервалот на фабричките поставки, повторете ја постапката.

###Ресетирање на системот на фабричките поставки

Ако системот сè уште не работи правилно,ресетирајте го системот на фабричките поставки. Користете ги копчињата на главниот уред за да горесетирате на стандардните фабрички поставки.

1 Исклучете и повторно поврзете го кабелот за напојување. Потоа вклучете го системот.

2 Држете на ►❚❚ 14 и притиснете I/⏻ 5 додека не се појави „RESET".

Избришани се сите поставки направени од корисникот, како на пример, меморираните станици, тајмерот и часовникот.

Исклучување на функцијата за автоматско вклучување на режимот на подготвеност

Овој систем е опремен со функција за автоматско вклучување на режимот на подготвеност. Со оваа функција, кога не управувате со системот или нема излезен аудио сигнал околу 30 минути, системот автоматски влегува во режимот на подготвеност. Стандардно, функцијата за автоматско вклучување на режимот на подготвеност е вклучена. Користете ги копчињата на главниот уред за да ја исклучите функцијата за автоматско вклучување на режимот на подготвеност.

Држете на I/⏻ 5 кога системот е вклучен, додека не се појави „AUTO.STBY OFF".

За да ја вклучите функцијата, повторете ја постапката додека не се појави „AUTO.STBY ON".

Забелешки

- Пораката „AUTO.STBY" трепка на екранот околу 2 минути пред да влезе во режимот на подготвеност.
- Функцијата за автоматско вклучување на режимот на подготвеност е неважечка за функцијата на приемникот (FM/AM), дури и кога е вклучена.
- Системот може да не влезе автоматски во режимот на подготвеност во следниве случаи:
  – откриен е аудио сигнал,
  – поврзан е USB-уред,
  – во текот на репродукција на аудио-датотеки,
  – додека се изведуваат тајмерот за репродукција или тајмерот за заспивање.

Пораки

CHARGING: Уредот iPod/iPhone се полни кога системот е исклучен (режим на подготвеност).

CHILD LOCK: Вклучена е функцијата за забрана за деца. За да ја исклучите функцијата за забрана за деца, задржете на ■ 14 на главниот уред додека на екранот не се појави „CHILD LOCK OFF" 8.

ERROR: USB-уредот не е препознаен или е поврзан непознат уред.

NoDEVICE: Не е поврзан USB-уред или поврзаниот USB-уред е отстранет.

NoMEMORY: Во USB-уредот нема мемориски медиуми.

NO TRACK: Во системот не е вчитана датотека од USB-уредот што може да се репродуцира.

NOT USED: Се обидовте да изведете одредена операција во услови каде истата е забранета.

NO SUPPORT: Поврзан е неподдржан USB-уред, модел на iPod/iPhone или iPod/iPhone чија батерија е празна.

TIME NG: Времето за почеток и крај на тајмерот за репродукција имаат иста вредност.

Мерки за претпазливост

За безбедност

- Целосно исклучете го кабелот за напојување (главен вод) од ѕидниот штекер (ел. енергија) ако нема да се користи подолг временски период. Кога го исклучувате кабелот секогаш држете го приклучокот. Никогаш не влечете го самиот кабел.
- Ако цврст објект или течност влезе во системот, исклучете го системот и нека го провери квалификувано лице пред да го користите пак.
- Кабелот за напојување може да се замени само кај квалификуван сервис.

За поставувањето

- Не поставувајте го системот во накосена положба или на локации со огромна топлина, студ, прашина, нечистотија или влага или нема соодветна вентилација, или е подложна на вибрации, директна сончева светлина или јака светлина.
- Внимавајте кога го поставувате системот на површини кои се посебно обработени (на пример, со восок, масло, средство за полирање) бидејќи како резултат може да предизвикате дамки или обезбојување на површината.
- На надворешните или внатрешни површини може да се кондензира влага и да предизвика дефект на системот ко истиот е ненадејно поместен во потопла средина. Ако се кондензира влага, исклучете го системот и оставете го исклучен сè додека влагата не испари. Не користете го системот додека влагата целосно не испари.

За акумулирање топлина

- Акумулирањето топлина во главниот уред за време на работа е нормално и не е причина за тревога.
- Не допирајте ја кутијата ако се користи често со голема јачина на звукот, затоа што кутијата може да се загрее.
- Не блокирајте ги отворите на вентилација.

За системот на звучници

Вграденият систем на звучници не е магнетски заштитен и сликата на телевизорите во близина може да се искриви. Во тој случај, исклучете го телевизорот, почекајте од 15 до 30 минути и повторно вклучете го.

Ако нема подобрување, поместете го системот подалеку од телевизорот.

Чистење на кутијата

Чистете го системот со мек материјал малку натопен со слаб раствор на детергент. Не користете каков било вид абразивни перничиња, прашок за чистење или растворувачи, како на пример, разредувач, бензин или алкохол.

Спецификации

Дел на засилувач

Следниве податоци се измерени при наизменична струја од 120 V – 240 V, 50/60 Hz (за моделите наменети за Латинска Америка (освен за моделите во Мексико и Аргентина))

Следниве податоци се измерени при наизменична струја од 127 V, 60 Hz (мексикански модел)

Следниве податоци се измерени при наизменична струја од 220 V – 240 V, 50/60 Hz (за моделите наменети за Европа, Русија, Австралија и Аргентина)

Следниве податоци се измерени при наизменична струја од 120 V – 240 V, 50/60 Hz (други модели)

FST-GTK33iP/RDH-GTK33iP
Излезна моќ (номинална):
100 W + 100 W (at 3,5 Ω, 1 kHz, 1% THD)
RMS-излезна моќ (референца):
210 W + 210 W (по канал на 3,5 Ω, 1 kHz)
FST-GTK11iP/RDH-GTK11iP
Излезна моќ (номинална):
55 W + 55 W (at 3 Ω, 1 kHz, 1% THD)
RMS-излезна моќ (референца):
115 W + 115 W (по канал на 3 Ω, 1 kHz)

Дел за звучници

Систем на звучници: двонасочен систем на звучници со рефлекс на бас

Звучници:
FST-GTK33iP/RDH-GTK33iP:
Вуфер: 200 mm, конусен тип
Твитер: 66 mm, конусен тип
FST-GTK11iP/RDH-GTK11iP:
Вуфер: 160 mm, конусен тип
Твитер: 40 mm, конусен тип

Проценети пречки:
FST-GTK33iP/RDH-GTK33iP: 3,5 Ω
FST-GTK11iP/RDH-GTK11iP: 3,0 Ω

Влез

DVD/PC IN (аудио во Л/Д):
FST-GTK33iP/RDH-GTK33iP: Чувствителност 1 000 mV, импеданца 47 kΩ
FST-GTK11iP/RDH-GTK11iP: Чувствителност 1 500 mV, импеданца 47 kΩ

Дел за iPod/iPhone

Приклучок за iPod/iPhone
Излезен напон: Единосасочна струја 5 V
Максимална излезна струја: 1 A

Компатибилни модели на iPod/iPhone:
– iPod touch 4th generation
– iPod touch 3rd generation
– iPod touch 2nd generation
– iPod nano 6th generation
– iPod nano 5th generation (video camera)
– iPod nano 4th generation (video)
– iPod nano 3rd generation (video)
– iPod classic
– iPhone 4S
– iPhone 4
– iPhone 3GS
– iPhone 3G

Написите „Made for iPod" и „Made for iPhone" значат дека електронските додатоци се дизајнирани за да се поврзат специфично со iPod или iPhone, соодветно и производителот гарантира дека ги исполнуваат стандардите за изведба на Apple. Apple не е одговорен за работата на овој уред или неговата согласност со безбедносните и регулаторните стандарди. Забележете дека употребата на овој додаток со iPod или iPhone може да влијае на бежичната изведба.

Дел за USB

Поддржани бит-стапки:
MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3): 32 kbps – 320 kbps, VBR
WMA: 48 kbps – 192 kbps, VBR
AAC: 48 kbps – 320 kbps

Фреквенции на одмерување:
MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3): 32/44,1/48 kHz
WMA: 44,1 kHz
AAC: 44,1 kHz

⭠ порта за (USB): тип A, максимална јачина на струја 500 mA

Дел за приемникот

FM-стерео, FM/AM суперхетеродинен приемник
Антена:
FM-права антена
AM-врзувачка антена
Дел за FM-приемникот:
Опсег на бирање: 87,5 MHz – 108,0 MHz (чекор од 50 kHz)
Дел за AM-приемникот:
Опсег на бирање:
За моделите наменети за Европа, Русија и Саудиска Арабија:
531 kHz – 1 602 kHz (чекор од 9 kHz)
За моделите наменети за Латинска Америка:
530 kHz – 1 710 kHz (чекор од 10 kHz)
531 kHz – 1 710 kHz (чекор од 9 kHz)
За моделите наменети за Австралија:
531 kHz – 1 710 kHz (чекор од 9 kHz)
530 kHz – 1 710 kHz (чекор од 10 kHz)
Други модели:
531 kHz – 1 602 kHz (чекор од 9 kHz)
530 kHz – 1 610 kHz (чекор од 10 kHz)

Општо

Побарувања за напојување:
За моделите наменети за Латинска Америка (освен за моделите во Мексико и Аргентина):
AC 120 V – 240 V, 50/60 Hz
За моделите наменети за Мексико:
AC 127 V, 60 Hz
За моделите наменети за Европа, Австралија и Аргентина:
AC 220 V – 240 V, 50/60 Hz
Други модели:
AC 120 V – 240 V, 50/60 Hz

Потрошувачка на струја:
FST-GTK33iP/RDH-GTK33iP: 75 W (0,5 W во режимот за штедење енергија)
FST-GTK11iP/RDH-GTK11iP: 45 W (0,5 W во режимот за штедење енергија)

Димензии (Ш/В/Д):
FST-GTK33iP/RDH-GTK33iP: Приближно 768,5 mm × 323 mm × 385 mm
FST-GTK11iP/RDH-GTK11iP: Приближно 678,5 mm × 323 mm × 385 mm

Маса:
FST-GTK33iP/RDH-GTK33iP: Приближно 14,0 kg
FST-GTK11iP/RDH-GTK11iP: Приближно 12,5 kg

Копчиња на главниот уред: 1 парче

Доставена дополнителна опрема: Далечински управувач (1), батерии R6 (големина AA) (2), FM права/AM-антена рамка (1)

Дизајнот и спецификациите се подложни на промена без известување.